СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

ISO 9001:2008
FS 549642

# Записник
# од
# седницата на Здружението на информатичката технологија,
# оржана на 27.01.2010 година

**Јануари 2010 година**

**С к о п ј е**

**Записник**
**од**
**седницата на Здружението на информатичката технологија,**
**оржана на 27.01.2010 година**

Седницата започна во 14:00 часот.

Седницата ја отвори и на истата претседаваше Антони Пешев, претседавач на Здружението на информатичката технологија при Стопанската комора на Македонија.

На седницата присуствуваа: Софче Јовановска, виш советник во Стопанската комора на Македонија; Благој Христов, Македонски телеком - Скопје; Васко Павловски, ECS – Скопје; Герасим Ванчев, „Семос„ – Скопје; Стево Серафимов, самостоен советник во Стопанската комора на Македонија и Станка Дамјановска, самостоен советник во Стопанската комора на Македонија.

На почетокот на седницата се усвои следниот

**Д н е в е н р е д**

1. Предлог-мерки на Стопанската комора на Македонија за унапредување на деловниот амбиент во Република Македонија во 2010 година;
2. Избор на претставници во Собранието на Стопанската комора на Македонија;

3. Разно.

*
* *

**Прва точка**

Воведни напомени по оваа точка од дневниот ред даде Софче Јовановска, виш советник во Стопанската комора на Македонија.

Најпрво таа ги поздрави присутните од името на претседателот на Комората, Бранко Азески, притоа истакнувајќи дека во изминатиов период од 5

години, со воведувањето на новиот начин на работа, Комората доби нов имиџ на успешна Комора и со тоа се одвои од другите комори.

Но, тука не се застанува. Политиката на Комората е во наредниот период да прерасне во Комора на успешни компании.

Во меѓувреме, се очекуваа измени со новиот закон за стопански комори, што е мотив повеќе да се работи уште поуспешно.

Од досегашното успешно работење, како партнери на Владата на РМ, Комората успеа да ги реализира сите барања од стопанството.

Предлог-мерките што се тема на разгледување на денешната седница, веќе се разгледани од Управниот одбор на Комората. Тоа се отворени Предлог-мерки што ќе се дополнат со сите предлози и сугестии од стопанствениците, а потоа дополнети со тие предлози, ќе бидат разгледани на седница на Собранието на Комората. Преку Предлог-мерките треба да се укаже на проблемите со коишто се соочува стопанството, со цел што повеќе да се излезе во пресрет и да му се помогне на стопанството. Тие всушност ќе претставуваат платформа за работата на Стопанската комора на Македонија во наредниот период.

Софче Јовановска ги образложи Предлог-мерките за подобрување на бизнис-климата во 2010 година, изготвени од стручната служба на Стопанската комора на Македонија.

**1. Преиспитување и намалување на висината на надоместокот за приватизација на градежното земјиште кај правните лица**

Уредбата за висината на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште ("Сл.весник на РМ" 87/2007 и 26/2008), дава можност да се откупи градежното земјиште од правните лица, со попуст од 35% доколку се исплати во целост, или најмногу на 10 еднакви годишни рати.

Но, износот на средства за откуп на земјиштето во целост, за да може да се искористи дисконтот од 35%, кај повеќето од анкетираните фирми надминува милион евра, кои не се во состојба да ги обезбедат, посебно сега во кризните услови на стопанисување и тешко достапните и скапи кредити, а крајниот рок за приватизација е крајот на 2010 година.

Генерално, сите анкетирани фирми укажаа дека цената за откуп е превисока, а чести се примерите во одделни региони пазарната цена да е и пониска од цената во Уредбата (на пример, во конкретни катастарски парцели во прилепско и кумановско, пазарната цена по метар квадратен изнесува од 7-10 евра, а утврдената со Уредбата е околу 27 евра/м2).

Согласно Измената на Уредбата („Сл. весник на РМ„ 115/2009), цената за откуп се намали, но само за физичките лица, така што македонските граѓани можат да го откупуваат дворното земјиште на индивидуалните куќи и станбените згради по само едно евро или 61 денар за метар квадратен.

**2. Поттикнување на инвестициските активности со подеднаков системски третман на домашните и на странските инвестиции**

Владата на РМ, во обид да донесе странски инвеститори, донесе нови мерки, преку менување на Законот за технолошко-индустриски развојни зони, со кои ќе се даде можност државата да им дава парична помош на потенцијалните странски инвеститори. Исто така, една од новините во измените на Законот, е тоа што ќе постои 100 процентно ослободување за десет години за персоналниот данок, наместо досегашните 50 проценти за пет години.

Изненадувачки за бизнис-заедницата, покрај најсилната опомена од финансиската криза - колку е важно производството во реалниот сектор во функција на приближување на домашната понуда кон домашната побарувачка, и во таа насока перманентно бараниот еднаков системски третман на странските и домашните инвеститори, да се најават крајно поповолни услови за странските наспроти домашните инвеститори.

Според бизнис-заедницата, неспорно е дека странските директни инвестиции се клучен фактор за интензивирање на производството без да се поттикне порастот на агрегатната потрошувачка во земјата, со што ефикасно и на краток рок ќе се влијае врз намалувањето на трговскиот дефицит. Факт е и дека зголемувањето на продуктивноста е во директна зависност од техничко-технолошката модернизација, новите знаења кои најбрзо доаѓаат со странските инвестиции. Оттаму, произлегува приоритетот на странските директни инвестиции и нивното стратешко значење за секоја земја во развој.

Но, нивното стратешко значење не треба да го намали значењето на домашните инвестиции. Иако, на краток рок, зголемувајќи ја домашната агрегатна потрошувачка, соодветно ќе го продлабочат трговскиот дефицит, односно условуваат раст на дефицитот во платниот биланс, сепак бидејќи е производна инвестиција, на подолг рок ќе поттикне динамика во насока на приближување на основните агрегати во надворешно-трговската размена. Затоа, домашните инвестиции генерално треба да имаат подеднаков системски третман, појдувајќи и од уставното начело за еднаквост на стопанските субјекти на пазарот.

### 3. Македонската банка за поддршка на развојот да ги отпочне преговорите со Европската комисија и со Европскиот инвестиционен фонд -ЕИФ за искористување на финансиските инструменти од Програмата за конкурентност и иновативност

Со вкупен буџет од 1,1 милијарда евра, ЦИП-програмата - финансиски инструмент на ЕУ, овозможува државите-членки и државите-кандидатки за членство во Европската унија да обезбедат финансиски средства, преку свои посреднички институции, за малите и средни претпријатија. Висината на максимум средства кои една финансиска институција може да ги добие не смее да надмине 30 милиони евра. Договорите со ЕИФ можат да се склучуваат до 31 декември 2013 година.

Процесот на преговарање е утврден со посебен акт кој треба да го исполни земјата-преговарач, односно финансиската институција која ќе ги врши преговорите со Европскиот инвестиционен фонд. Од капацитетот на преговарачката институција ќе зависи колку средства ќе се повлечат и ќе се стават на располагање на малите и средни претпријатија.

Македонија, со самото пристапување кон првата потпрограма - Претприемништво и иновации од ЦИП-програмата, има полно право веднаш да пристапи во преговори со ЕИФ за повлекување на одделни финансиски инструменти (микрокредити, гарантни фондови, ризични фондови ...).

Стопанската комора на Македонија ја поздравува одлуката на Владата со која се задолжува Македонската банка за поддршка на развојот да ги отпочне преговорите со

Европската комисија и со Европскиот инвестиционен фонд за искористување на финансиските инструменти од Програмата за конкурентност и иновативност - ЦИП.

Со овозможување пристап до финансиски средства, во рамките на ЦИП - финансиските инструменти, на компаниите ќе им се овозможат дополнителни финансиски можности за инвестиции, поддржани со гарантни фондови и други фондови за високоризични инвестиции, особено за отпочнување на нов бизнис, што е императив во општопознатите кризни услови на инвестирање.

## 4. Системски мерки за зголемување на конкурентноста кај производителите на основни метали и кај челичната индустрија

По забележаниот пораст на берзанските цени на металите во септември годинава, истите во средината на месец ноември, забележаа повторно надолна линија. Покрај нивната нестабилност, тие исто така се`уште се далеку од потребното ниво кое ќе поттикне зголемување на производството кај истите. Поради тоа, во функција на **намалување на трошоците, односно зголемување на конкурентноста** на нивните производи**,** неопходни се мерки за државна помош **преку:**

### 4.1. Намалување на цената на природниот гас, преку ослободување од царинската давачка од 2% при увозот на природен гас и намалување на ДДВ од 18% на 5%.

Намалување на стапката на данок на додадена вредност од 18% на 5% значи враќање на стапката на оданочување на нивото од пред повеќе години. Имено, при донесување на Законот за ДДВ природниот гас се оданочуваше со повластена даночна стапка (потоа е покачена поради одредени енергетски зафати).

Во прилог на примена на повластена даночна стапка на природниот гас, покрај конкретна финансиска поддршка на металуршкиот сектор и на други преработувачки индустриски гранки, се и потребите за прифаќање на европските стандарди за заштита на животната средина. Пониската цена би значела и стимулирање на користењето на чисто гориво, со минимална емисија на ЦО2.

Што се однесува до царината од 2% при увоз на природен гас, која има исклучиво фискален карактер, бидејќи немаме производство на гас, со нејзиното укинување, царинската политика ќе се стави во функција на намалување на трошоците кај индустриското производство кое има можности да го користи гасот, како енергент.

### 4.2. Пролонгирање на примената на висината на концесискиот надоместок кај металните минерални суровини до 01.01.2011 година.

- Во функција за полесно надминување на негативните ефекти од глобалната криза, членките на Комората повторно укажаа на потребата од пролонгирање на примената од 1 јануари 2010 до 1 јануари 2011 година, на одредбата со која стапката на концесискиот надоместок од 0,5% се зголеми на 1% (во Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини).

**4.3. Забрзување на административните постапки при одобрувањето на новите експлоатации (кои траат повеќе од 280 дена)**, со што ќе се дадат можности за користење на руда за преработка од домашно производство, наместо истата да се

увезува, и се добиваат само ефекти од „ЛОН„-производство во добивањето метали (пример кај фероникелот).

**4.4. Примена на неделен билансинг на струја до крајот на 2010 година, односно одлагање на новопредложениот дневен биланс на струја до 01.01.2011 година.**

Во актуелните услови на стопансисување, сеж уште не се обезбедени основните предуслови за балансирање на електричната енергија на покуси рокови од актуелните неделни - немање берза на електрична енергија, балансни групи итн.

Секоја промена, односно скратување на пресметковниот период за балансирање на електричната енергија ќе претставува дополнително оптоварување на трошоците на работење во индустријата за производство на основни метали. Пресметките во одделни компании покажуваат дека доколку дојде до промена на рокот на балансирањето од неделно на дневно, како што се предлага, компаниите во просек би ги зголемиле трошоците за балансирање за 4 до 5 пати во однос на постојните.

## 5. Мерки за подобрување на ликвидноста на компаниите

Со тешкотии од ненаплатени побарувања, согласно спроведената анкета од стручната служба на Комората, се соочува без малку скоро секое претпријатие, како од приватниот, така и од јавниот сектор. Висината на ненаплатени побарувања кај анкетираните фирми е значаен индикатор кој укажува на потребата од неопходни мерки на тој план, како, на пример, порамнување на побарувањата со долговите, односно пребивање на една со друга облигација.

Имајќи предвид дека високата внатрешна задолженост условува висок степен на неликвидност што резултира со секојдневно блокирање на жиро-сметките на значаен број стопански субјекти, со единствена цел - да се релаксираат билансите кај претпријатијата, да се ослободат од обврските кои често оневозможуваат дури и перспективни фирми да конкурираат за кредитните линии, се предлага:

**5.1. Преземање на Директивата на Парламентот на ЕУ и Советот од 29 јуни 2000 година, за спречување на доцнењето во плаќањето на сите комерцијални трансакции, со која се одредува рок на плаќање од 30 дена.** (DIRECTIVE 2000/35/EC of the European Parliament and of the Council of 29 June 2000 on combating late payment in commercial transactions-*Official Journal L 200 , 08/08/2000 P. 0035 – 0038)*

Со преземањето на наведената ЕУ-директива во македонската правна регулатива, ќе се обезбедат услови за финансиска дисциплина во плаќањето на сите комерцијални трансакции. Согласно истата, ако должникот не го изврши плаќањето во рок од 30 дена по примањето на фактурата или друго соодветно барање за плаќање, предвидено е автоматско засметување, односно наплатување на камата која изнесува збир од референтната каматна стапка на централната банка + најмалку 7 процентни поени, што во македонски услови, согласно Законот за казнена камата, би се применила актуелната затезна камата од 19,50%, како и надомест на штета предизвикана од задоцнетата исплата.

**5.2 Осигурување на краткорочните побарувања од домашните купувачи по основ на продадена стока или услуга.**

Покрај осигурувањето на краткорочните побарувања од странските купувачи на македонските извозници по основа на извршен извоз, бизнис-заедницата бара

**Македонската банка за поддршка на развојот** да воведе нов сервис - осигурување на краткорочните побарувањата од домашните купувачи по основ на продадена стока или услуга, со што значително ќе се преиспита должникот колку ќе доцни според одредениот рок за плаќање во договорот, посебно при услови на примена на горенаведената Директива на ЕУ.

**5.3. Спроведување на задолжителна компензација на должничко-доверителните односи меѓу приватниот и јавниот сектор,** за успешно трајно регулирање на побарувањата и обврските настанати во односите меѓу компаниите и државата по сите основи. За таа цел, неопходно е да се донесе посебен Закон за организирање и спроведување на задолжителна компензација, со којшто ќе се одредат субјектите, видот на обврските, нивната висина, начинот и роковите за спроведување на истата.

**6. Координирано дејствување на инспекциските служби, односно заедничко изведување на инспекциските надзори**

За таа цел да се формира Координативно тело на инспекциските органи, како постојано меѓуресорско тело, преку кое ќе се остварува соработка, односно меѓусебна координација на сите различни инспекциски служби во вршењето на инспекциски надзори.

Бизнис-заедницата укажува на проблемот од честото едно по друго присуство на инспекциите (пазарна, па трудова, потоа санитарна, итн.), што ги чини многу време во нивното секојдневно стопанисување, а со тоа директно неповолно се одразува врз динамиката во извршувањето на нивните секојдневни задачи.

Како предлог-мерка се прифати и предлогот да се има координација меѓу инспекциските служби, за да не доаѓаат некоординирано во компаниите. А доколку некоја компанија треба да се казни, прво да се добие опомена, а потоа казна.

Воедно, како мерка се предложи да се поведе поголемо внимание на загадувањето, односно да се издаваат еколошки дозволи.

Банкарските извештаи, со претходна согласност на фирмите, до УЈП да се доставуваат по електронски пат, а не за секој извештај банките да наплатуваат по 200 денари. Тоа се средства што не одат во државната каса, туку тоа се средства само на банките.

**7. Соработка во имплементирањето на стандардите за заштита на животната средина меѓи бизнис заедницата и Министерството за животна средина и просторно планирање**

Образложение: Бизнис заедницата укажува на потребата од советодавна соработка и помош од Министерството и инспекциите за животна средина во имплементирање на регулативата за интегрирано спречување и контрола на загадувањето која, согласно законските обврски треба да заврши до крајот на 2014 година.

Во тој контекст, изречените казни за ненавремено поднесување на барање за добивање на дозволите ((интегрирани "А" и"Б" еколошки дозволи-рок крајот на 2009 година), да се стават во функција на имплементирање на регулативата, во спротивно да се наплатат.

**8. Извештајот од банкарските сметки, со претходна согласност на фирмата, банките електронски да ги доставуваат до УЈП, по цена која само ќе ги покрие трошоците за направената услуга.**

**Образложение:** Согласно **дополнувањето на членот 41**, Закон за изменување и дополнувањена Законот за данокот на додадена вредност (*„Службен весник на Р.М.“, бр. 133 од 03.11.2009 година),* даночните обврзници кои се регистрирани за целите на ДДВ, како прилог кон Даночната пријава на ДДВ (образец ДДВ-04) за соодветниот даночен период, имаат обврска да поднесат и:

- Периодичен финансиски извештај од одобрените фискални системи на опрема за регистрирање на готовински плаќања и

**- Периодичен извештај од банкарските сметки преку кои даночниот обврзник го остварува своето работење**

Периодичниот извештај од банкарските сметки преку кои го остваруваат работењето, даночните обврзници треба да го обезбедат од банките кај кои им се водат сметките и истиот претставува извештај за сите извршени уплати и исплати на или од сметката, како и салдо за соодветниот даночен систем.
Доколку даночниот обврзник располага со повеќе сметки во различни банки, истиот е должен да достави периодичен извештај посебно за секоја денарска и девизна сметка.
Даночните обврзници кои електронски ги поднесуваат даночните пријави на данокот на додадена вредност, имаат можност и за поднесување на прилозите кон ДДВ пријавата по електронски пат (скенирање на документи во ПДФ формат)

Наведената новина за бизнис заедницата е дополнително административно и финансиско оптоварување.
Според банкарскиот ценовник на услуги, кој според нив треба да ги покрие трошоците за новата услуга, трошокот за периодичниот извештај од банкарските сметки се движи од 30 до 300 денари, односно во просек од 170, што заедно со ДДВ просечно 200 денари по банкарски извештај

Според пресметките од 200 денари за банкарски извештај, вкупното финанско оптоварување според динамиката на поднесување на даночни пријави, во текот на годината ќе изнесува околу 90 милиони денари или 1,5 милиони евра на годишно ниво, и тоа:

- 30 милиони денари, само за извештаите по една сметка;
- овој трошок се дуплира на 60 милиони денари Ако се земе предвид фактот дека една фирма може и има сметки во повеќе банки, условно земено просек од две сметки по фирма;
- и на крајот трошокот и за девизната сметка ( доколку се смета само за една по фирма, минималното оптоварување за стопанството изнесува 90 милиони денари или 1,5 милиони евра на годишно ниво.

Согласно наведеното, членките на Стопанската комора на Македонија, неоспрувајќи ја целта на наведената новина- поефиксана наплата на ДДВ, во функција на

намалување на трошоците и административните процедури, бараат да со согласност на фирмата, банките електронски ги доставуваат банкарските извештаи до УЈП, по цена која само ќе ги покрие трошоците за направената услуга.

Присутните ги поздравија Предлог-мерките, притоа истакнувајќи дека се прифатливи од страна на стопанствениците, само да се достават до Владата на РМ и да се реализираат.

Господинот Антони Пешев, „Ултра„, истакна дека со одвојувањето на МАСИТ од Комората, има празнина во Комората без здружение за информатичка технологија, за да се вклучат активно во работата на Комората и да предлагаат мерки што се во интерес на компаниите од оваа дејност. Сите членки на МАСИТ не се членки и на Комората, а ова Здружение ќе има тежина, затоа што Комората стои зад него.

Господинот Благој Христов, Македонски телеком, истакна дека тие добиваат мислења од други асоцијации, но треба и мислења зад кои ќе стои Комората. Од Европската унија одобрени се 5 милијарди евра средства за рурален развој. Компаниите од ИТ-секторот треба да ги „нахранат„ другите компании, за да се аплицира за тие средства. За да нема празнина во Комората, неопходно е активно работење на Здружение на информатичката технологија во рамките на Комората.

Господинот Васко Павловски, „ЕЦС„, истакна дека МАСИТ им припаѓа на ИТ-компаниите, додека во ова Здружение при Комората ќе членуваат и други компании, како што се мобилните оператори и др.

Данокот ги засега сите компании, без разлика дали се членки на една или на друга асоцијација. Но, Комората ги застапува интересите на своите членки.

Преку Комората да се направи иницијатива до Владата на РМ дека на ИТ-компаниите им се потребни средства, додека преку МАСИТ тоа не е возможно.

Господинот Герасим Ванчев истакна дека постои Агенција за странски инвестиции, но доколку сака да инвестира домашна компанија, таа нема каде да се обрати. Зошто да се ограничува можноста за финансирање на домашни и странски инвестиции?

Сите присутни се согласија да се преиспита Законот за пушење, затоа што реално постои проблем и во компаниите, а не само во ресторантите.

Сите дадени предлози ќе бидат вградени во Предлог-мерките, коишто ќе се разгледаат на седница на Собранието на Комората, а воедно, тие ќе претставуваат и платформа за работата на Комората во 2010 година.

**Втора точка**

Воведни напомени по оваа точка од дневниот ред даде Софче Јовановска, од Стопанската комора на Македонија.

Согласно Законот за Стопанската комора од 2004 година, како и согласно Одлуката за распишување избори за избор на претставници на здруженијата според дејности и на регионалните комори во Собранието на Стопанската комора на Македонија, од Здружението на информатичката технологија се избира 1(еден) претставник.

Од страна на присутните стопанственици, за членови на Собранието на Стопанската комора на Македонија во наредниот 5-годишен мандатен период беше предложен:

- Антони Пешев, „Ултра„ – Скопје.

Предлогот беше едногласно усвоен од сите присутни.

*

* *

Седницата заврши во 15:30 часот.

Составен дел на документацијата се актите што беа донесени на седницата.

Бр. 10-167/3 Претседавач на Иницијативниот одбор,
26.01.2010 год. Антони Пешев
С к о п ј е

Записникот го изготви:
Станка Дамјановска
_______________________________